**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2012 година (арх. бр. 77248/1 од 06.03.2013 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2012 година (арх. бр. ______________ од 29.03.2013 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 29.03.2013 година, ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2012 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2012 година во вкупен бруто износ од 5.646.607.282,00 денари (пет милијарди, шестотини четириесет и шест милиони, шестотини и седум илјади, и двеста осумдесет и два денари), кој е целокупен износ од остварената нето добивка на Друштвото за 2012 година.

Бруто износот на дивиденда по акција е 65.464189114 денари (шеесет и пет денари и четириесет и шест дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, во согласност со важечката регулатива, од бруто износот на дивиденда:
(а) при исплатата на физичките лица, ќе задржи и уплати данок на добивка и персонален данок на доход, и
(б) при исплатата на странските правни лица, ќе задржи и уплати данок на добивка и данок по задршка.

### Член 2

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2012 година е 05.04.2013 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2012 година е 02.04.2013 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2012 година е 03.04.2013 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2012 година ќе се изврши во периодот помеѓу 17.04.2013 година и 30.04.2013 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со деталите поврзани со исплатата на дивиденда, со соодветно известување во најмалку еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија и на официјалната интернет страница на Друштвото.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**